ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 41 од Законот за заштита на личните податоци ( Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20 ), Градоначалникот на Општина Гевгелија донесе

## РЕШЕНИЕ/ОДЛУКА
**за определување на овластено лице за заштита на личните податоци**
во Општина Гевгелија

1. СЕ ОПРЕДЕЛУВА **Томе Јанкуловски** за овластено лице за заштита на личните податоци односно офицер за заштита на личните податоци во контролорот општина Гевгелија
2. СЕ ЗАДОЛЖУВА лицето од точка (1) на ова решение да ги врши следните

работи:

- ги информира и советува контролорот Општина Гевгелија или обработувачот и вработените во општина Гевгелија кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од Законот за заштита на личните податоци,
- ја следи усогласеноста со законот за заштита на личните податоци, со други засегнати закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во Република Северна Македонија, како и со политиките на контролорот општина Гевгелија или обработувачот во однос на заштита на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци,
- каде што е потребно, дава совети во однос на проценката на влијание на заштитата на лични податоци и го следи извршувањето на процената во согласност со членот 39 од Законот за заштита на личните податоци,
- соработува со Агенцијата за заштита на личнте податоци,
- дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација од членот 40 од Законот за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања.

3. Овластеното лице е должно при извршувањето на своите работи да ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата , обемот, контекстот и целите на обработката кај контролорот и одговара пред контролорот.

4. Оваа решение влегува на сила со денот на донесувањето (да се има предвид членовите 41, 42 и 43 од законот за заштита на личните податоци)

Бр.08- 966/1
06.06.2023

М.П.

Потпис на одговорното лице,
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija - Republika Severna Makedonija
Tel/faks ++389 34 213 899, ++389 34 213 843
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk